**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од третото продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 18 јануари 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,30 часот.

На продолжението на седницата претседаваше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Имаме 61 пратеник во салата.

Продолжуваме со работа по 62-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Драган Митевски, Ванчо Ѓорѓиев и Радмила Шеќеринска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

Ве молам, да гласаме?

62 пратеника се присутни во салата, од кои 60 гласале.

Ова гласање ќе важи, сега ќе ги соопштам резултатите, откако ќе се изврши пребројување и утврдување на точен број на пратеници.

Ако има навистина 62 или 61 пратеник, гласањето ќе важи.

За гласале 55, се воздржале тројца и двајца гласале против.

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

(Во салата се присутни 60 пратеника).

Во салата се 60 пратеника.

(Меѓувреме влегува уште еден пратеник).

Сега се 61 пратеник, молам да се повтори гласањето.

61 пратеник се откако влезе г. Климовски.

Значи, и сега гласаа 60 пратеници, некој не гласал.

56 се за, двајца воздржани и двајца гласале против, но сега имаме кворум.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам, да гласаме.

Исто така гласале 60 од 63 присутни пратеника.

59 гласале "за" и еден се воздржал.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот.

Сега немаме кворум за работа. Еден пратеник излезе, но не видов кој.

60 пратеници се присутни и не можеме да продолжиме со работа.

Ќе почекаме да дојде барем уште еден пратеник, за да можеме да работиме.

(Моментално е прекината седницата поради немање на кворум за работа).

(Во салата влегуваат некои пратеници - Илјаз Сабриу и Никола Поповски).

Молам, отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господин претседателе, јас барам процедурален збор, ако е можно да го добијам, а не по законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може, во ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, како координатор на пратеничката група на СДСМ, а во име на пратеничката група на

СДСМ барам седницата на Собранието денес да не се одржува заради новонастанатите околности во врска со присутната афера за прислушкување на голем број на лица во Република Македонија (политичари, новинари, поранешни политичари, актуелни политичари и од опозицијата и од власта) и едновремено ве известувам дека во име на пратеничката група на СДСМ сметаме дека Собранието во овие околности не треба да заседава, туку треба да ја прекине работата по овие точки од дневниот ред и веднаш да свикате итна седница со точка на дневен ред - Информација во врска со аферата на прислушкување во Република Македонија.

Итноста врз основа на Деловникот ја бараме заради тоа што оценуваме дека со оваа афера всушност во Македонија е загрозена безбедноста на Република Македонија. Затоа ве молам во име на пратеничката група оваа седница да ја прекинете и да свикате итна седница во врска со Информацијата за прислушкување во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Јас сакам да ве информирам дека за оваа афера разбрав од медиумите и утрово веднаш го повикав претседателот на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност. Го замолив да ми објасни дали има било каква информација и материјал добиено. Во Собранието ние немаме никаква информација и ништо немаме добиено и ние во овој момент прв пат е иницијативата на г. Поповски да се свика итна седница. Мора да го прецизирате барањето, дали барате информацијата Владата да ја подготви.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, јас ова го сметам за официјално барање, ако треба и писмено да го поднесам согласно Деловникот, не е проблем, во една пауза од 10-тина минути тоа можам да го направам.

Јас како координатор на пратеничката група овој пат можам да зборувам во наше име.

Спремни сме и подготвени да поднесеме информација со материјал и заедно со материјалот кој е малку пообемен да поднесеме и барање за итна седница, иако сметаме дека тоа треба формално да го направиме и по писмен пат.

Молам за една пауза во која ќе го направиме тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие направете барање, направете и информација.

Кога ќе го доставите барањето и материјалот ќе почнеме постапка. Јас ќе барам материјалот надлежните тела да го гледаат, да видиме кое тело ќе го разгледува тој материјал и во согласност со тоа кога ќе се определат сите тие работи ќе закажам седница.

Според тоа нема никаква потреба оваа седница сега да ја одлагаме.

Има кој да направи материјал, барање.

(Барање на некои пратеници да прекине седницата).

Затоа дали треба да се прекине седницата одлучува претседателот. Тоа е барање, меѓутоа тоа барање има смисла да ја прекинеме седницата за да им овозможиме да изработат материјал. Меѓутоа, они имаат време да изработат материјал, а ние по оваа точка да ја завршиме работата, а потоа ќе прекинеме.

Молам, дали некој друг бара збор?

Господин Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, во име на пратеничката група ВМРО - ВМРО имаме барање г. претседателе да не закажувате нови седници и денешната седница да ја прекинете со оглед на итноста на состојбата во државата. Во текот на вчерашниот ден имавме можност да слушнеме дека се прислушкуваат разговори на претседателот на државата, на екс претседателот, вашите лични телефонски разговори, на многу видни политичари, на пратениците од опозицијата и позицијата што е исто така загрижувачки, така да ценам дека во овој момент во името на пратеничката група ВМРО - ВМРО приоритет треба да се даде на вонредните состојби, бидејќи многу пратеници кога ќе ги видат своите телефонски разговори, веројатно се и уценувани од актуелната власт да не можат да гласаат по свое убедување, туку под притисок, цениме дека треба под итно да закажете седница на која лично министерот до тогаш да си даде оставка, да достави тука писмено известување, информација и да можеме ние пратеници да се произнесеме околу таа информација од Владата. Дотогаш Парламентот нема услови квалитетно да работи, бидејќи многу пратеници ги видовме на

листинзите на телефонските разговори кои ги имале и меѓу себе и со своите најблиски, значи интимата, така да според Деловникот и седниците што се закажани и наредни седници не треба да одржува Парламентот.

Доколку е потребно наше писмено известување ние би побарале кратка пауза за да го доставиме тоа писмено известување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Барањето е многу слично, малку нешто различно.

Барањето е да се свика итна седница на база на писмена информација од Министерството за внатрешни работи.

Јас ќе побарам Информација од Владата, се разбира дека ќе ја подготви Министерството, но Владата е таа што овде нам ни одговара и ќе закажам една седница, но треба да завршиме ова денес што сме го почнале.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, ни најмалку не е хумористична оваа ситуација, вие да правите хумор на моето излагање во името на пратеничката група. Во друга прилика ќе зборуваме за вашата хумористичка состојба за свикување на две свечени седници, меѓутоа сега немаме можност да не ја разгледуваме ситуацијата.

Јас ве молам сега да не правите хумор од настапот на еден координатор на пратеничка група. И немојте да ја засмејувате јавноста, бидејќи сами испаѓате смешни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не сакам да се навредуваме овде. Јас ви кажав дека вие барате да се поднесе информација од Владата. Јас ќе барам информација од Владата, но затоа што г. Поповски понуди информација они да изготват. Во тоа е разликата.

Според тоа реков дека во тек е расправата по оваа точка, да ја завршиме, а информација ќе барам и ќе закажам итна седница.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, демократска алтернатива оценува дека практиката на масовно прислушкување на граѓани, парламентарци, новинари, интелектуалци и носители на јавни функции, вклучувајќи ја и највисоката функција во државата на претседателот на Република Македонија претставува анти уставен и тежок атак врз демократијата и темелите на човековите права.

Најостро осудувајќи ја оваа пракса Демократска алтернатива бара утврдување на субјективната и објективна одговорност на поединците и надлежните органи кои ги превземале ваквите дејствија или пак не ги спречиле.

Во име на ова Демократска алтернатива бара во рок од 7 дена Владата на Република Македонија да даде информација и образложение и расчистување на овој случај, а до таа седница Демократска алтернатива нема да учествува во работата на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, еве имаме и трето барање, јако прецизно.

Што се однесува до Собранието и јас како претседател на Собранието до крај ќе се заложам и ќе ги користам сите деловнички права оваа работа во Парламентот дефинитивно да се расчисти. Да видиме кој што правел, како правел, по чиј налог правел, по чија потреба правел, кој како употребувал итн., итн. Сето тоа да се расчисти, меѓутоа, тоа ќе го терам најажурно, но тоа не значи ние да прогласиме парализа на Парламентот додека за тоа бидеме подготвени. Нас ни е потребна информација од било кој.

Уште еднаш ве информирам сите ние овде знаеме нешто само од весниците и од телевизијата. Јас сум претседател на Собрание, ништо не сум добил досега. Во Собранието нема поднесено ни еден лист ниту доказен материјал, ниту иницијален материјал, ниту некој предлог, ниту некоја иницијатива. Тоа е фактичката состојба.

Ќе ја истераме целата работа, нема да замолчиме како што ни се случуваше на Собранието кога се бараше Анкетна комисија за атентатот, кога беше случајот на "Сина птица". Овој пат навистина ќе расчистиме, бидете сигурни, само потребно е да не даваме знаци дека Парламентот е парализиран и дека така парализиран работи, кое после нема доволно авторитет во земјата. Тоа ќе го истераме кога ќе добиеме материјал, а сигурно ќе добиеме деновиве.

За збор се јави г. Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, бидејќи овде станува збор за луѓе кои

претставуваат пратенички групи, јас мислам дека елементарните работи треба да ги познаваат. Ова Собрание треба да работи, како што кажавте и вие, меѓутоа во собраниска процедура треба да влезе еден таков извештај. Ние имаме институции во државата кои треба да не нахранат и имаме матични комисии или работни тела во ова Собрание кои што треба да ги погледаат овие извештаи и на крајот ние како Собрание на Република Македонија релевантно да расправаме и на крајот да заклучиме и да донесеме било каков релевантен заклучок од таа расправа за да има ефект од таа работа.

Според тоа, луѓево што се претставуваат како координатори нека не прават опструкција на Собранието и нека си прочитаат малку како оди редот во ова Собрание. Има ред, има дисциплина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оставете ја таа работа да ја водам јас бидејќи мене ми е надлежност. Секој ќе си каже за својата група и за себе, нема да се поучуваат едни со други. Бидете сигурни нашата намера да расчистиме има смисла и има сила ако ја водиме во согласност со Деловникот и ако ја примениме онаа постапка која не внесува никакво сомневање. Така и ќе направиме.

За збор се јави г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, со оглед на оваа ситуација мислам дека секоја пратеничка група треба да даде некој коментар.

Затоа и јас сакам да го кажам видувањето на пратеничката група на ДПА.

Јас сметам дека најосновно е ние да работиме според правилата кои сами ги воспоставуваме и кои се однесуваат на една парламентарна демократија и поделба на институциите на власта.

Значи, Собранието има свој Деловник и мислам дека ние треба да го почитуваме доследно затоа што секое непочитување на Деловникот и на правилата на играта ќе не вовлече во непознати ситуации.

Јас сметам дека ние како пратеници не треба да избрзуваме на ваков начин, туку првенствено треба да имаме квалитетни информации. Не само да добиеме информации од еден пратеник, кој синоќа изнесе на телевизија некои аргументи, туку треба да добиеме квалитетни информации и од другите надлежни институции. Да ги имаме тие информации, да ги обработиме ние како пратеници и да заземеме навистина правилни ставови кога ќе излеземе овде да зборуваме за ова обвинување на власта. На пример јас можам да кажам според моите информации дека токму тие кои го поднесуваат овој предлог токму тие се иницијатори на оваа афера, но ние сме суд овде да судиме, туку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Неможе да се почнува материјална расправа.

**ЗАМИР ДИКА:**

Да. Значи може и јас на ваков начин да настапам и по овој мој настап да барам Собранието по мојот настап да одлучува. Јас мислам дека најмеродавен е Деловникот, правилата на играта и треба да ги почитуваме нив. Затоа мислам дека е време да почекаме сите да добиеме квалитетни информации од сите институции, па и од опозицијата и дури тогаш да се свика седница. Сега предлагам да продолжиме со расправата по точката на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш да ви кажам, барањето за итна седница мора да се заснова на негова конкретизација, мора да има точен предлог или точно барање. Сега, се најавени три барања. Очекувам да ги достават сите тие во текот на денот. Јас сум тука. Треба да ми ги достават.

За збор се јави г. Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно е дека секогаш се драматизираат работите, а поуспешен лов во матно, а такви се времињата, т.е. она што вчера се случи каде е фабрикувано и кој го фабрикувал, дали валидно или не валидно, постојат собраниски тела, па се надевам дека набрзо како Парламент ќе формираме и анкетна комисија, која ќе ја испита валидноста на понудените документи. Според тоа, не треба да се крева многу прашина и однапред да се носат судови, да се кинат глави и она што е најнормално Владата да си даде оставка, како што некои тоа го посакуваат.

Според тоа, прво, треба да се аргументираат работите по пат на она што значи собраниска расправа преку собраниските тела. Се надевам дека ќе имаме можност и како Собрание да расправаме за она што е понудено, а понудена беше гола хартија без евидентен број, без потпис, без печат и без заверена

документација. Но, нели се повикуваат дека сето тоа е снимено од дискета, но се надевам дека ќе имаме прилика овде да продискутираме отворено и јавно. Што е поентата на моето излегување. Таа е следната, Парламентот да продолжи со работа, после поднесокот кој ќе го поднесат СДСМ, ВМРО - Вистинска и незнам уште кој се јави тука, да седнеме, да поминат низ собраниски тела пред се на Комисијата за ДБК, Анкетната комисија, што ќе има многу работа, што се понудени 500 страни и на крај да дојде на расправа на самото Собрание.

Само да го потсетам г. Андов по повод аферата Сина птица, Дувло, ТМРО - Македонска национална гарда, поставивме барање во 1992 година, а расправата дојде во 1993 година, нормално, почитувајќи ги сите тие законски рокови на собраниските тела. По тоа прашање имавме 11 седници на Комисијата за контрола и надзор на работата на ДБК.

Според тоа, господа, не треба многу да се жештите, поднесете го барањето, телата ќе расправаат, не бегаме од расправа и доколку постојат аргументи, ќе се бара одговорност, а доколку не постојат аргументи некаде ќе се бара одговорност од подносителот на материјалот кој вчера е обелоденет, во случајот од г. Бранко Црвенковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Па после овој настап на г. Флоровски, јас навистина се плашам дека 2002 година ќе расправаме за оваа работа. Но, ме радува вашата одлучност, претседателе, навистина до крај да расчистиме за оваа работа, а што ќе биде ќе видиме. Но, да не се надмудруваме кој ќе поднесе барање, кој информација, кој ова, кој друго би ве замолил да не соберете претставници и координатори на пратеничките групи накратко да се договориме за тоа кој ќе поднесе барање, од кого ќе се бара барање да дава информација и кога ќе ставите на дневен ред, за да знаеме како понатаму и ќе работиме и како ќе постапиме. Едноставно, да се договориме кај вас како ќе постапиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно г. Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине Зибери, не ја избегнуваме расправата, јас говорев за еден минат период каде што ВМРО-ДПМНЕ беше во опозиција на позиција. Можеби и затоа се пролонгира една година. Спремни сме за пет, десет дена кога ќе се подготви материјалот да се расправа овде отворено на јавна сцена. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, мислам дека се движиме кон некаква усогласеност. Мислам дека единствената неусогласеност произлегува од фактот дека вие и одредени пратенички групи сметаат дека и покрај размерите на аферата за која зборуваме дека Собранието треба да продолжи по ваши зборови нормално да работи, додека не се закаже итна седница, која ја ветивте, а по наше мислење дека до закажување на таа итна седница, Собранието не треба да работи. Тука се разликуваме. Јас сум свесен дека согласно Деловникот вие одлучувате за закажување на седница, доколку има услови за работа во Собранието, меѓутоа би сакал да го повторам само следново. Ние ќе доставиме како пратеничка група материјал во вид на информација по кој сакаме да се свика итна седница. За тоа имаме деловничко право и ќе одлучи мнозинството дали тоа ќе се случи или не. Меѓутоа, едновремено сакам да потсетам дека, еве тука г. Дика дека има правила на игра итн. Ние сакаме да се почитуваат правила на игра во ова Собрание, но едновремено укажуваме дека правилата на игра во државава се радикално напуштени. Ние можеме сега овде, навистина, политички меѓу себе да се надмудруваме со ситни зборчиња од една или друга страна што да правиме, иако сите сме свесни за тежината на скандалот во кој Македонија се има најдено. Токму за тоа сметаме дека до закажувањето на итната седница која ја ветивте, а за која мислам дека во иницијална мера, во иницијалната фаза и нема потреба од барање материјал на Владата, за што ние ќе поднесеме информација, а Владата може мислење да достави согласно Деловникот по таа информација. Би замолил во таа насока и да се развива ситуацијата. Ве молам, уште еднаш да се размисли за нашето барање, до таа итна седница, која очигледно нема многу долго да треба да се свика, Собранието да не заседава, затоа што навистина е непријатно да

заседавате, политички да работите, а во исто време да сте свесни или да сме свесни дека целокупната наша работа масовно се контролира од страна на државата и во услови кога не треба да се контролира. И, под тие услови да се заседава во ова Собрание, навистина, претставува товар за секој од нас, да заседава, да се договара, да размислува во пратеничките групи што ќе прави, како ќе гласа, по кои амандмани итн., и други политички активности, а едновремено да знаете дека додека тоа се случува, вие сте предмет на масовно прислушкување, очигледно на сите нивоа.

Значи, да сумирам, мислам дека можеме да се договориме уште и за последниот принцип, ако вие го прифатите т.е. мнозинството, се разбира, до закажувањето на итната седница, Собранието да не влезе во расправа и да се однесуваме како ноеви со главата во песок дека ништо не се случува, а ние расправаме за законот за природните богатства во Република Македонија, затоа што во Република Македонија очигледно, нешто се случува. Затоа, мислам дека Собранието треба два дена да паузира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ви кажам, Собранието, ако во државата дошло до пореметување на правилата, во Собранието додека сум јас нема да дозволам да дојде до пореметување на правилата. Овде треба да се работи како нас правилата не овластуваат и не обврзуваат.

Според тоа, тие други работи, тоа е тешка афера, сметам дека е сериозен напад на правата на граѓаните, на системот итн., таа работа ќе ја истераме и ќе ја расчистиме до крај само во постапка, која гарантира дека наодите се вистински, валидни, а не искривена работа од неквалификувани луѓе се неквалификувани постапки. Затоа, инсистирам на постапка.

Господин Черкезов се јави за збор.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, гледајќи ги вчера листинзите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте во тоа да навлегувате, тоа е материјална расправа и од тоа сега немате никаква потреба сега.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Многу од пратениците кои денеска се присутни пред седницата разговарав со многу од нив, самите кажаа дека се уценети да гласаат по нарачка. И, вие почитуван претседателе ја водите денеска седницата по нарачка. Немате храброст да закажете вонредна седница во ситуација кога вашиот разговор е прислушкуван.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте ве молам.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Ценам дека и граѓаните на Република Македонија ќе се уверат дека и вие работите под притисок. Вашето водење на седницата од 1990 година, па наваму е сосема друго, за разлика од денешната седница. Покажете доблест и храброст дека треба да се справиме на ова безвластие во државата. Вие немате доблест да признаете дека е навлезено во интимата на граѓаните, на политичарите, на меѓународниот кор, па како можете да терате понатаму и да велите дека нема факти. Кои се тие поголеми факти, погледајте го вашиот лифтинг во вашата интима е навлезено. Па, вие ја водите седницата под притисок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, г. Черкезов стрпете се малку.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Ние пратеничката група од ВМРО - Вистинска ја напуштаме денешната седница, бидејќи гледаме дека вие ја водите седницата под притисок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Држете се достоинствено и до вашите обврски како пратеници.

Сакам да ви кажам дека ниту г. Черкезов, ниту еден од вас не е овластен да кажува за некој друг пратеник дали е уценет или не е уценет итн. Секој од пратениците има комплетна заштита овде да каже сам или на средствата за информирање дека е уценет.

Според тоа, настапот на г. Черкезов го сметам за напад на достоинството на другите пратеници. Такви работи не се допуштени во Парламентот. Секој сам ќе си каже.

Ве молам сега да продолжиме.

За збор се јави г. Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, Демократска алтернатива го даде предлогот каде што најостро осудуваме доколку постои вакво нешто. Македонската јавност е вознемирена од ова што е кажано и бараме утврдување

на субјективната и објективната одговорност на поединците и надлежните органи кои ги превземале, доколку ги превземале ваквите дејствија.

Ние замолуваме, во рок од седум дена, односно бараме Владата на Република Македонија да достави информација и да го расчистиме случајот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нели ќе го доставите барањето денес?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Во текот на денот ќе ви биде доставено барањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Немојте во материјална расправа, само ако имате деловничка забелешка да продолжиме по законот.

За збор се јави г. Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, исто ние во Либералната партија цениме дека Собранието треба да расправа по овие настани што се случија, дали е ова шпекулација, афера или незнам што, но се сомневам во намерите и чесноста на г. Поповски. Ако г. Поповскм ценеше дека оваа седница треба да биде итна, ургентна и сите да биде тука на време, а не да чека во Парламентот да има 61 па потоа откако почнавме со работа, кога почнавме со две точки од дневниот ред, тогаш доаѓа и ни продава демагогија. Тоа е демагогија во реалноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема потреба меѓусебни полемики да правите, немојте тоа.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ако ние доаѓаме тука требаше да дојдат и пратениците од СДС заради оваа итност ако требаше и да ја прекинеме седницата. Тоа не е добро. Ако беше така и да ја прекиневме седницата тоа ќе беше чесноста на СДС. Кога почнавме да работиме тогаш доаѓа и бара итност на седницата. Ова е чиста класика од демагогија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Претседателе предлагам да продолжиме со работа и да не се вклопуваме успешно во планот што е на опозицијата.

Ве молам ова е планот III на опозицијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте ве молам такви работи.

Дајте да го сочуваме нашето достоинство овдека.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Ние треба да си продолжиме со работа, а кој мисли дека не треба да присуствува тоа е нивно право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви кажам, кога ќе се расправа овде на таа итна седница, ќе се расправа само по аргументи, меѓусебните напади никаде нема да не однесат, непринципиелни и лепење на етикети. Од тоа нема никој корист. Само на основа на аргументи.

Да продолжиме со работа.

Деловничка интервенција на Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Ќе бидам краток почитуван претседателе, колеги пратеници, убава е забелешката на г. Даневски и јас така размислувам, но се употребува терминот афера, дури и вие го употребивте, незнам дали можеме да зборуваме за афера, сепак, е афера и тоа да е и подметнато е афера, имате право, се согласувам. Меѓутоа, ние не сме суд веднаш да сечеме глави и да пресечеме тука без никакви аргументи. Сметам дека треба да се оди низ институциите, да го поддржиме тоа, и предлагам Парламентот да си продолжи со работа. Можеби е и конструкција од некој друг од надвор од опозицијата итн., а тоа ќе го констатираат надлежните служби, органи, телата на Собранието. Благодарам.

Господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, вака ние бескрајно, до бескрај можеме да се надмудруваме и ништо со тоа да не констатираме и да решиме. Затоа, имавме многу конкретен и многу конструктивен предлог, имено или сега или попосле или вие како претседател на Собранието да се сретнете со координаторите на пратеничките групи и да изнајдете решение за можното ставање на дневен ред на такво едно барање за итна седница. Тоа е чувствително прашање. Според мене, ако има вистина во тоа е веќе тивок државен удар. Веќе имаме став од една пратеничка група од ДА дека во

рок од седум дена нема да учествуваат во работата на Собранието, ќе беше пожелно вие како претседател да стапите во контакт со сите координатори на пратеничките групи. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Јас ви кажав дека морам нешто да имам иницијално во раце да се поднесе, за да можам да ги свикам координаторите околу што да се договараме. Така и ќе направиме. Еве, сега се најавени три барања, сите три ќе дојдат, се надевам во текот на денот, или во текот на денот или утре уште наутро ќе се состанам со координаторите и ќе се договориме. Затоа треба сега да продолжиме.

Господинот Крале Спанчевски кој се јави за дискусија сега се откажува.

Господин Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Процедурално се јавувам. Јас би сакал како пратеник да поставам пратеничко прашање до Владата на Република Македонија околу една вест пласирана во последно време пред два дена во средствата за информирање односно за средбата помеѓу делегација на Република Македонија и делегација на Република Србија односно таканаречена Сојузна Република Југославија околу обележувањето на граничниот појас помеѓу двете земји. Овде ништо не би било спорно ако се зборувало само за граничниот појас што ја дели Република Македонија со Република Србија, недозволувајќи притоа овде да се спомене и граничниот појас помеѓу Република Косово и Република Македонија. Јас мислам дека Република Македонија не би смеело да се впушта во такви работи односно за граничен појас помеѓу една друга држава, да се зборува со трета држава.

Другото прашање е дали во оваа делегација од страна на Република Македонија имало претставници од албанците во Република Македонија, било тоа да се од политички партии или од експерти присутни во Владата на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ова има карактер на пратеничко прашање и сега не можеме да обезбедуваме одговор, ќе ви го кажам само следното. Идната седница, на 24 што е редовно закажана, откога ќе го утврдиме дневниот ред, ќе минеме прво на пратенички прашања, од кои еден саат ќе имаме пратенички прашања од кои 40 минути ќе поставуваат прашања пратениците од опозицијата и 20 минути пратениците од мнозинството, така да ги оставиме тие работи. Сега да одиме понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор по општиот претрес по законот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 2 во новиот член 57-6 за менување на ставот 1 и на член 4 по кои Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот член 1 став 1 и на член 2 став 1.

Пратеникот Илија Георгиев поднесе амандман на член 1 за додавање на нов став 3 по ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Илија Георгиев.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Присутни се 69 пратеници, од кои 4 пратеници гласаа за, 12 воздржани и 44 против.

Ве молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 57-б за менување на ставот 1, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници, гласале 63 пратеници, од кои 57 гласале за, 4 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

По точката 5 немаме претставник од Владата.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за заштита на посебното природно богатство, со Предлог на закон.

За овој предлог имаме писмо од министерот кој се извинува бидејќи е во странство, не може сега да го брани и расправата ќе ја одложиме за подоцна.

Останува на дневен ред.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за меѓунационални односи, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, јас пред да го кажам моето мислење затоа што образложението за овој закон е тука дадено, само многу е кратко и можеби има потреба предлагачите малку поопширно да го образложат овој закон, затоа што не би било добро без аргументи ниту да се отвора, затоа што се работи за професори и ценети стручњаци во Република Македонија што е предмет на дебата и така да кажам од законски аспект е дискутабилен, па можеби би имало некое дополнително објаснување од предлагачите.

Според тоа, ако е можно по тоа јас пак би земал збор.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ќе кажам дека се работи само за една парцијална измена, не сум предлагач на законот, господинот Милан Ставрев е предлагач на измената на законот. Се работи за сосема парцијална измена, меѓутоа според мене битна промена на законот која што веројатно дури и кога би било од ова Собрание усвоено ќе има пречки во Уставниот суд, бидејќи зголемувањето на работниот век на оние кои што се вклучени во наставата, конечно на сите оние кои што како што се вели во Предлог - решението на професори кои што треба да обават, да завршат некој одреден научен проект, или кои што работат со студенти, или пак постдипломци, а тоа се генерално сите професори на факултетите во Република Македонија, очигледно дека ќе имаме продолжување на работниот стаж на една категорија на луѓе кои што би биле во овој случај позитивно дискриминирани, односно чие што одење во пензија би било далеку по подоцнежно во однос на сите останати граѓани на Република Македонија. Затоа не се согласувам со предложеното

решение токму поради овие дилеми. Мислам дека можност за работа и за продолжување на проекти постојат и кај луѓе кои што се многу помлади кои што ги има на катедрите и кои што конечно треба да добијат шанса и преку надоградување, односно добивање на доцентура, или статус на вонреден и редовен професор да градат научна кариера во Република Македонија.

Исто така, постои можност одредени афирмирани професори, ако веќе постои можност и желба кај деканатите, односно комплетно и во Ректоратот да ги ангажираат, постои можност преку одредени хонорарни дејанија, односно договор за дело да продолжат на одредени проекти, меѓутоа не преку продолжување на редовниот работен однос.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Мислам дека со право очекував и тоа што беше искажано да се аргументира овој предлог на закон, затоа што очигледно имаме едно кршење со законот и за пензионирање и можеби и другите закони, но кое што мислам дека не би требало да помине како наш негативен став спрема тоа што значи да им се помогне во некоја смисла на научните установи, или дури на самите професори да им овозможиме тие да го дадат својот плод и труд и понатаму во својата професија. Мислам дека дискутабилно е поради тоа што и самиот постоен закон нуди доволен простор за тие професори кои што се зафатени, или кои што се ангажирани во постдипломски и докторски студии и понатаму со одлука на научно - истражувачката, односно високообразовната институција тие да продолжат да си ја завршат работата и по пензионирањето.

Јас мислам дека прифаќањето на овој закон би можело да доведе до еден конфликт на генерации во одредени установи каде што и покрај најдобрата желба тешко е надминлив. Секоја почит на тие професори што би исползувале, или би сакале да исползуваат од овој закон, јас мислам дека сепак ние треба да оставиме доволен простор за младите кадри и за тие што очекуваат извесно време да бидат ангажирани во своите институции на ниво, а кое што тие веќе се едуцирани и стручни. Од друга страна мислам дека би требало оваа плеада од тие стручњаци и професори да се најде друг начин за нивна стимулација преку политика на поадекватно и подобрено нивно плаќање, преку поадекватно и поприфатливо некое законско решение во пензионирањето што би било мислам поадекватно во однос на оваа проблематика. Затоа мислам дека од овие причини јас ќе бидам воздржан за овој закон, затоа што мислам дека така би се допринело овие стручњаци што се помлади од професорите, да добијат своја шанса и да се искажуваат во својата струка.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за високо образование, поднесен од група пратеници Милан Ставрев, Јордан Бошков и Слободан Даневски како седма точка во дневниот ред е уврстена на седницата на Собранието. Предлог законот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование, со Предлог на закон е уврстена како седма точка во дневниот ред, мислам дека предлагачите имаа право што бараат измена на член 154 став 2 од Законот за високо образование. Уште во времето кога се расправаше за Законот за високо образование минатата година конкретно на член 154, ние ставивме забелешка и го образложуваме следното со следните аргументи. Неспоиво е поистоветувањето на стажот и старосната граница на еден универзитетски професор кој најпрво е потребно да дипломира со највисоки оценки на соодветен факултет, да заврши специјализација за определена област, потоа да заврши постдипломски студии, односно да одбрани магистратура за определена област, да го подготви и одбрани највисокото научно звање докторска дисертација и сл., како и да исполни повеќе стручни, научни и формално - правни услови што не е таков случај со работник кој своето работно време и искуство го поминал на работни места за кои не се потребни голем дел од погоре нотираните услови и квалификации.

Второ, за редовен професор од претходно минатиот профил државата преку своите општествено - политички и стопански механизми со децении има инвестирано огромни вложувања во нивната подготовка за плодови, кои ќе треба да бидат користени релативно во подолга старосна граница и структура. Трето, во тој контекст ќе го подвлечеме неспорниот факт дека во развиените западноевропски и други земји ваквите високостручни образовни кадри според нивната регулатива задолжително остануваат во редовен работен однос дури и по 70 годишна возраст доколку здравствената состојба им дозволува, што не е случај во наши услови и со нашите високостручни образовни кадри во Република Македонија.

Четврто, нашата Комисија конкретно каде што сум јас претседател во Комисијата за меѓунацоионални односи во Собранието на Република Македонија одделно потенцираат дека споменатата дополна на став 2 на член 154 на Законот за високо образование се однесува на значително мал број кадри на универзитетски професори и тоа за секоја учебна година, посебно што не е во колизија и со поодделните одредби содржани во Законот за работни односи на Република Македонија. Понатаму, ние ценевме дека Собранието на Република Македонија ќе има доблест за прифаќање на ваков предлог за измена и дополнување на Законот за високо образование на член 154. И сметаме дека ваквата дополна од Законот за високо образование треба да се прифати ако се има во предвид и фактот дека секој пат треба да се има слух и за другата страна за кого оваа одредба се однесува со цел да им се овозможи што побезболно и континуирано да продолжи да се одвива на наставно - научниот процес на факултети во Република Македонија, посебно ако се има во предвид ноторната вистина дека финансиските средства при нејзиното спроведување слободно може да се рече дека не го товарат Буџетот, а претставуваат минорни и незначителни износи. Мислам дека за нас овде во Собранието на Република Македонија знаејќи ги условите дека како се создаваат тие кадри е потребно да се усвои ваквиот предлог за изменување на Законот за високо образование, што се однесува на член 154.

Она што го реков дека во западните земји и по 70 годишна возраст на таквите профили на научни кадри им се овозможува и тоа е голема почит таквите да бидат во наставно - научниот пристап при одредени факултети на тие држави и на тие универзитети. Не смееме да бидеме исклучок ние во Република Македонија на таквите профили тоа да не им го овозможуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние за да можеме да продолжиме со работа ќе мораме да го утврдиме точниот број на присутните пратеници во салата.

Ве молам да го утврдите точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците нека влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

За збор се јави пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Сметам дека предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование не треба да се прифати, од причини што во нашата држава една армија како на млади стручњаци, доктори на науки сеуште не се вработени, а и ако тие се вработени по 15 години се како асистенти на одделни факултети. Затоа сметам дека не би било пожелно луѓето кои ги исполнуваат условите за пензија и понатаму да останат на работа како професори и слично. Во тој правец сметам дека од РМ, во белиот свет, млад научен кадар, магистри, д-р на науки, а имам податоци дека имаме преку 300 такви луѓе, а бараат своја егзистенција. Затоа навистина треба да создадеме услови тие наши стручни кадри да се прифатат, односно да се вработат во соодветни факултети додека колегите кои досега служеле како редовни професори и слично треба да си заминат во пензија. И јас ќе заминам во пензија затоа што асистентот не може да чека 15 години, и покрај тоа што е д-р на наука. Од тие причини сметам дека овој закон не треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Мерсел Билаљи.

**МЕРСЕЛ БИЛАЉИ:**

Секоја почит кон предлагачите на законот, иако сум убеден дека тие како предлагачи треба поопширно да даваат образложение за такви предлози овде пред Собранието, за предлозите реков што стојат во предлогот.

Лично, сум убеден дека сепак се работи за своевиден сениор лоби во рамките на универзитетот и другите научни структури. Според предлогот стои дека после исполнувањето на условите за заминување во пензија, по претходно мислење на наставно научниот совет, одделни професори да можат и понатаму да продолжат да работат, да предаваат на факултетите итн. Мислам дека тука можеме да направиме голема грешка, ако се прифати таков предлог, од причина што некои од тој совет, може да се здобие со статус професор и по тој рок, или услови за пензионирање. Меѓутоа другите нема да ја имаат таа чест. Значи, како резултат од тоа ние практично ќе имаме своевидна дополнителна дискриминација помеѓу Универзитетските професори. Така што, практично од самиот факт што некој подобро ќе се најде, во структурите на

наставно научниот совет веројатно институција која нема да биде имуна на субјективизмот и практично ние со тоа нема ништо да постигнеме.

Втора работа што е важна е што бројни кадри, способни кои се со научна титула и се во фаза на добивање на истата, се без перспективни, тие се под блокада и немаат никакви шанси да ја пробијат блокадата за да дојдат до соодветен статус, првенствено од старите кадри кои немаат таква храброст и таква морална сила за да ги согледаат реално работите. Така што тие кадри, како што сите знаеме, си заминуваат надвор, а од тоа губи државата, губат граѓаните, од причина што без професионални кадри нема да имаме перспектива. А ние што правиме? Практично, кадрите што тука ги школуваме по неколку години, тие кадри на запад се експлоатираат како готови кадри, така ние во тој домен имаме доста сериозни проблеми. Мислам дека на секому му е јасно дека научните институции ни се докрај фамилијаризирани. Кога ќе дојде време за пензија соодветниот професор ќе предвиди да се прими ќерка, син или друг член од семејството и тоа дополнително ќе ја усложни состојбава во оваа област.

Како резултат на имплементацијата на овој закон, веќе имаме огромни проблеми, посебно на тетовскиот универзитет кои за имплементација на ваквиот закон. Затоа мислам дека во иднина ќе биде потребно да седнеме и да го претресеме законот во сите негови домени, а не само во областа што тука се предлагаи мислам дека сепак е некое куртоазно однесување кон некои професори кои, еве не можат да ја надминат суетата да не работат повеќе на факултетите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Јас како предлагач на овој закон, односно негова измена и дополнување должен сум да дадам некои мали дообјаснувања.

Ми се чини дека не е прочитан текстот од законот односно предлогот од Законот. Се работи за измена и дополнување на членот 154 од Законот за високото образование. Каде се бара, пред се, за редовните професори, не се зборува за сите професори туку редовни професори на високите факултетски институции при Универзитетот, да можат после истекот на работниот век, во годината која им истекува, ако се зафатени со некои научни стручни или било какви проекти, кои како членови на рецензиони или било какви членови на комисии мора да ги истераат до крај, да не им престане автоматски работниот однос, туку да им се овозможи, пак велам, бидејќи не е прочитано, во согласност со наставничкиот совет, ако оцени и процени дека треба тоа да се направи, да им се продолжи работниот век односно работниот стаж, најмногу за оној период додека не се изврши проектот, но не повеќе од една школска година. Тоа пред се е краток временски период.

Можеби, некој предлага дека процесот на унапредување на новите млади кадри се запира во овој случај воопшто не се запира.

Професорите не се ставаат во процесот на наставно научната дејност, во редовната работа на факултетот, туку да ги завршат започнатите магистратури, докторати, научни и стручни студии, во кои они како членови на тие комисии, бидејќи ни еден професор не води сам ниту магистратура ниту докторат, во склопот во таа рецензиона комисија, да продолжи до крај во остварување на одбраната на докторската дисертација или на магистерскиот труд.

Ако се мисли дека ќе се направат трошоци јас мислам дека многу помалку трошоци ќе се направат ако они продолжат да го водат процесот, бидејќи ако излезат од Комисијата, во тој случај можеби и ќе се случи да помине еден процес на избирање на нов научник кој ќе влезе во проектот на доработка, а за тоа треба време, да се изгради, да се вклопи во процесот на одлучување и дооформување на тезата до крај, со што ќе се изгуби драгоцено време и на докторантот односно на магистрантот, а и на проектот кој веќе е започнат. Сепак мислам дека, тие процеси, ако воопшто постојат процеси се минимални во однос на другите. Пак велам, овде не се запира процесот на унапредување на малите кадри, туку се работи исклучиво од аспект на луѓе, кои веќе почнале еден процес и треба да го завршат, дотолку повеќе тоа се доктори на науки, високо стручни кадри кои на нас ни требаат. Во контекст на тоа е предложен на оваа измена на законот, без никаква желба, без никаква намера да се продолжи работниот век на овие редовни професори. Уште еднаш потенцирам, да едно е за редовни професори, а редовен професор може да стане само д-р на науки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Се јавив повторно само да укажам на големата потреба од задржување на ваков профил на кадри на соодветните факултети. Ќе кажам дека тешко е такви високо образовни стручњаци да си создаваат, а најлесно е со закон истите да ги протераме од таквите работни места. Една држава повеќе ја чини образување на таквите кадри отколку задржување.

Г-динот Ставрев се обиде да го образложи тоа што јас, со тој дел што он се обиде да го образложи, се согласувам и како таков законот треба да се прифати.

Јас имам учествувано во предавање и на другите универзитетски центри во Европа. Имав прилика, редовен професор на Универзитет да е и над 80 години, да оди со штаки, но да е во добра здравствена состојба, беше дојден одржа предавање и по завршувањето на неговото предавање, тој што ја водеше таа научна конференција застана пола час да образложи за обемноста и содржината на неговиот ков и неговиот калибар и среќа наша беше што имавте прилика да слушнеме нешто така високообразован кадар.

И уште една работа. Наставно - научниот кадар во сите факултети ќе одлучи за таквите кадри, за кои имаат потреба, а нивната потреба и одлуката на наставно научниот совет на соодветните факултети е пресудна одлука. Ако тие ценат дека таквите кадри ќе треба да се задржа наше не да прејудицираме вака или онака кога и така тие се многу мал дел на универзитетски професори кои треба да се вклучат во наставно научната област.

Еден таков мал број на професори нема да преставува буџетски товар на заедницата туку од нив ќе има интерес младиот студентски кадар да се образува и да добива, што се вели квалитет на знаења во одредената научно наставна област. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, мислам дека имаме пак проблем со кворумот.

Ги молам пратениците нека влезат во салата.

Ве молам, неможеме да продолжиме додека немаме ќе се работи кога се тука луѓето.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа јас и кога ја започнавме дебатата по овој предлог повикав на предлагачите да се изјаснат и да попрецизно кажат што е суштината освен тоа што пишува или да се појаснат бар некои работи. И дека бев во право покажува и последното објаснување од едниот од предлагачите каде што со тоа што тој рече сега би можеле ние и да се сложиме. Зашто? Затоа што тоа што господинот Ставрев сега го рече веќе во најголем дел го содржи стариот закон. Значи, во стариот закон пишува вака, и уште едно објаснување, јас тоа го правам поради тоа што се работи за луѓе кои што високо ги ценам и си го имаат своето достоинство и можда сите ние сме нивни ученици тука. И конезите велат за родителите и за учителите не сакаме лоши зборови да слушаме. И така да не испадне оваа работа дека некој е за таа работа, некој не е. Него јас мислам дека не треба да се дозволи поради нивното достоинство едно такво барање од пратеници преку предлог на закон да се отфрли така лесно без да се разјасниме, или без, што значи јавноста увиде суштествено во што се работи. Значи стариот закон вели вака: "на лицето избрано на наставно - научно, за настава, или наставно звање кое во текот на учебната година ги исполнува условите за пензија работниот однос му престане до крајот на учебната година. Значи иако пред тоа му завршил рокот. Плус другиот пасус. Редовен професор во пензија има право да изведува постдипломски и докторски студии или да работи на научно - истражувачки проекти под услови определени со статут на високо -образовната институција. Значи во постдипломски, а во новиот Предлог закон се вели вака: "По исклучок редовен професор кој ги исполнува условите за пензија може да остане во работен однос заради изведување на настава на до дипломски, постдипломски и докторски студии. Да го реализира ова право тоа му го дава, ако оцени така наставно - научниот совет на високообразовната институција Значи, едно право кое со закон е уредено му се дава, јас не сум правник, но мислам дека е толку очигледно што неможе да помине не на Уставен суд, туку и тука. Значи му се дава правото, со законско решение, на наставно - научниот совет. И по тој основ не стои предлогот, се коси со самата логика.

Бидејќи работите се вакви каде едно решение веќе имаме, што се совпаѓа со тоа што во образложението го искажа господинот Ставрев дека се коси со ова, значи и се даваат ингеренции на една научна асоцијација, или на еден совет на една институција да одлучува по тоа дали

тој, макар по исклучок, би бил некој професор, со можност да продолжи а да не се пензионира по сила на закон и поради тоа што веќе реков дека постојниот закон тоа го нуди и поради достоинството на професорите со кои мислам дека треба да се најде начин, уште еднаш тоа да го истакнам, во својата кариера, поготово по своето пензионирање, достоинствено да си опстојуваат и да му служат на ова општество и на студентите и на постдипломците. Значи да се најде начин тоа стимулативно да дејствува врз нив.

Би ги замолил предлагачите, пред се заради нивното достоинство, да го повлечат законот и после ние да се соочиме со овие факти, па ако има можност на друг начин, со некоја друга можност на овие професори да им се помогне, а не тука да се надгласуваме и да помине некој закон, кој утре ќе падне. По мое мислење тоа би било демагошки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно имаме проблем со присуството.

Да се договориме, мора да се биде внатре во салата и да се седи на своите места. Знам, сите имате некои други задачи, но треба да бидете тука.

Да видиме сега дали имаме доволно пратеници во салата?

Сега можеме да продолжиме.

Има збор господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас морам да кажам дека оваа интервенција во Законот за високо образование, односно имаме предлог за изменување и дополнување на законот, доаѓа од пратеници од позицијата.

Сакам само да докажам уште еднаш дека во овој случај, ние како конструктивна опозиција даваме поддршка на една ваква иницијатива, односно интервенција во Законот за високо образование. Што тоа значи?

Тоа значи дека, бидејќи се работи за една проблематика што беше присутна, односно кога беше донесен законот имаше амандман на член 154, амандман што тогаш не помина, меѓутоа времето полека покажа дека навистина треба да се направи нешто и да се интервенира во законот. Во овој случај се работи за една категорија професори, да се овозможи тие да можат започнатите проекти, започнатата учебна година, бидејќи се работи за висококвалитетни професори со големо искуство и со големо знаење, мислам дека тука не само што морализираме, како пратеници во овој случај, мислам дека вложена е многу, за вакви кадри, вложила и државата со години. Тие започнати проекти, започната година, бидејќи сигурно водат и студенти на постдипломски студии, тука веќе како пратеници, без разлика на кои пратенички групи припаѓаме, треба да дадеме поддршка на едно вакво дополнување и на една ваква измена во законот. Верувам дека ќе имаме поддршка, односно сите ќе дадеме поддршка како пратеници за да успее една ваква интервенција во законот, со тоа што навистина, државата ништо не губи. Јас верувам дека тие професори, со едно такво знаење, со такво искуство, веќе во нивните екипи, кога работат на такви значајни проекти за образованието, за науката, за државата, имаат вклучени и експерти, помлади, кои понатаму после ќе можат да ги водат овие проекти. Кога еден наставно - научен совет одлучи, односно дава позитивно мислење за да може да продолжат ваквите кадри, мислам дека треба да има поддршка од наша страна.

Ние, како пратеничка група ПДП, ставот што го имавме уште тогаш по амандманот, кога се интервенираше, останува, а тој став веќе го кажавме на комисиите каде пратеници од пратеничката група на ПДП.

Затоа, уште еднаш апелирам да се поддржи оваа измени, односно едно вакво дополнување во Законот за високо образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Баткоски има збор.

**ДИМИТАР БАТКОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници, јас сакам да изнесам едно мое кратко размислување во врска со овој предлог за измени на Законот за високото образование. Јас уште на почетокот морам да кажам дека овој закон го донесовме минатата година. Овој закон предизвика бурни расправи како во комисиите за образование и наука, така исто и во Парламентот и дури и пошироката научна, наставна и сета друга јавност во нашава држава.

8о врска со овој предлог за измени, јас морам уште на почетокот да кажам,

дека јас не ги поддржувам. Не ги подржувам еве зошто:

Во Комисијата за образование и наука ние водевме доста долга и сеопфатна расправа по овој проблем и навистина беше согледан од сите негови аспекти и верувајте најдовме едно решение кое што навистина најмногу одговара. Јас во оваа прилика не сакам да повторувам делови од дискусијата што ги изнесе господинот Положани и господинот Билали. Ова мое определување ќе го поткрепам со фактот што ние, овој закон што го донесовме, кој беше прифатен широко и на Универзитетот и од целата научна и наставна јавност и пошироката македонска јавност, сега кога сеуште тој во онаа вистинска смисла на зборот не заживеал, ние сакаме да вршиме измени и дополнувања и баш во оној дел кој мене ми се чини е најосетлив.

Верувајте, многу ми е непријатно, ги почитувам предлагачите, уште повеќе што се од мојата партија, од позицијата, меѓутоа, сепак не можев, а да не го искажам моето размислување по овој проблем, бидејќи и јас потекнувам од Универзитетот и јас сум со највисоко научно и наставно звање и на некој начин ако поаѓам лично од себе си, јас треба да се заложам и јас можеби требаше да го предложам овој закон. Меѓутоа, јас не само што не го предлагам, туку не го ни поддржувам. Во тој правец ја барам позицијата, мојата пратеничка група, а и како што беа искажувањата и на дискутанти од опозицијата, ова решение кое постои во сегашниов закон, тоа решение ми се чини дека е најоптимално и навистина заслужува еден целосен респект еве од кои причини.

На професорот кој што по наполнетите 65 или незнам колку години беше години, оној биолошки максимум кога ги исполнува сите оние други законски обврски, тој си заминува во пензија, достоинствено. Да ви кажам како е на мојот факултет. На мојот факултет, сите тие што заминуваат, тие не го прекинуваат на некој начин работниот однос. Тие само формално правно прекинуваат. Тие пак си продолжуваат. Кабинетот им стои на располагање. Тие пак работат проекти, теми, тие пак учествуваат во апликативната дејност, тие повторно учествуваат во усовршување, односно во произведување на магистри и доктори на науки. Ние сега со овие измени бараме на некој начин на мала врата тие да дојдат до дипломските студии. Верувајте, тоа не знам кој го рече од овде од дискутантите, не се сеќавам, ми се чини колегата Билали. Тоа ќе предизвика една лавина која што, незнам ние како ќе го правдаме како Парламент. Уште повеќе, ние земаме една тежина каде што позицијата, а јас лично, еве потекнувам од Универзитетот, да не повторувам уште еднаш, јас исто така ги имам сите тие звања и сега на некој начин мене ми одговара овој закон. За овој закон јас треба со двете раце да гласам. Не да не го прифаќам, меѓутоа, што овие измени што ќе предизвикаат од сето тоа. На Универзитетот има доста млади кадри кои баш за една таква состојба не можат да дојдат до израз, затоа што сепак оној кој е со највисокото звање, оној кој со години држи катедра, едноставно не му се напушта и сака тоа што веќе е должен да постапува, многу тешко оди. Јас ги сфаќам тие колеги кои така болно сето тоа го примаат, меѓутоа тоа не би требало да е така. Тоа треба да биде еден чин кој на некој начин и возвишен чин да биде, затоа што има млади кадри, доаѓаат. На крајот на краиштата биолошкиот процес е таков, кога се наполнуваат годините на старост, една неминовност кога треба да се отстапи место на помлади, со тоа што помладите секогаш ќе ја бараат помошта од нас постарите. Никој нив не ги исклучува, не ги исклучува ни законот што го донесовме. Верувајте, ако убаво се разгледаат поедини, односно тоа решение што го дадовме, што го прифативме, најнапред и на Комисијата за образование и наука, а после и пред овој Парламент, толку е тоа решение оптимално, што ми се чини не заслужува сега за едно кратко време, пак ќе кажам, овој закон сеуште незаживеал можеби целосно на Универзитетот. Сеуште престојат акти кои треба да се приспособат, статути итн, по факултетите.

Замислете сега, една компарација ќе направам. Без оглед на тоа што тој е професор со сите највисоки звања, титули итн, наполнил 40 години работно искуство, наполнил 65 години возраст и сега тој истиот професор треба да го држиме, затоа што ако не произвел соодветен кадар, соодветна замена. Не е тоа во ред. Секој од тие професори треба да се запраша пред себеси. Тој не направил замена и сега таквите, за жал ги има на нашиот Универзитет, а исто така и на Универзитетот во Битола, тие сега наоѓаат поедини од нас пратениците и пресии од изборни единици итн, тие истите сега

прават пресии да направиме некоја измена која ќе предизвика една лавина која целиот тој закон ќе го донесе во прашање.

Во таа смисла јас би препорачал. Ги ценам, ги почитувам предлагачите. Тие се од мојата партија, од оваа опозиција, сепак треба уште еднаш да подразмислат и да видат дека некои работи толку убаво се кажани во постојниот закон што го усвоивме, да нема место сега ние да дискутираме за некако во предлог за измени и дополнувања.

Во таа смисла, уште еднаш апелирам до опозицијата, до присутните да го имаат сето ова во предвид, бидејќи јас, со целата одговорност ова го кажувам, бидејќи јас сум од Универзитетот, јас сум тој кој на некој начин треба да гласам да ги прифатам овие измени.

Во таа смисла ви благодарам за вниманието и ве поздравувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Недостасуваат двајца пратеници.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата, да можеме да работиме.

Молам, повикајте уште еден пратеник да влезе во салата.

Сега можеме да продолжиме.

Има збор господинот Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, се пријавив поради тоа што се покрена една дискусија, потребна или непотребна, јас не знам, но би сакал да дадам едно мало дообјаснување во врска со предлогот на овој закон. Не сакам да се повлечам, однапред ви велам.

Овде се работи за додефинирање на членот 154 од постојниот закон за високо образование. Во ставот 2 од тој член децидно пишува:

"Редовен професор во пензија има право да изведува постдипломски и докторски студии или да работи научно - истражувачки проекти, под услови определени со Статутот на високообразовната институција".

Тоа значи дека редовниот професор и после одењето во пензија има право да ги работи, но да ги наплати тие работи. Тоа се договор за дело, оние форми на наплата што ни се нам добро познати.

Во контекстот на тоа да се дообјасни, не постои тука никаква лоша намера, да се дообјасни вториот став, се предлага на членот 154 да стане втор став следниот текст:

"По исклучок, редовен професор кој ги исполнил условите за пензија, може да остане во работен однос заради изведување на настава", ова веднаш "до дипломски" го повлекувам уште сега, а да остане "постдипломски и докторски студии или довршување на започнат научно - истражувачки проект, доколку научно - наставниот совет на високообразовната установа ја оцени потребата за таква ангажираност", па овде додавам "за најмногу една школска година".

Тоа значи да не доаѓаме во едни немили ситуации како сега ги имаме, а ова го предлагам од чисто практични причини, се случува да се формира комисија, менторска комисија за докторат или за постдипломски студии. Комисијата работи, студентот работи односно кандидатот, таа е трочлена или петточлена комисија. Во меѓувреме, еден од професорите треба да оди во пензија. Настанува ситуација да комисијата не може да работи, да ја држи работата, бидејќи треба некој нов професор да се вклучи на место на професорот кој мора да оди во пензија. Тоа значи кандидатот да се оневозможи за еден подолг временски период, додека не се одбере нов професор да дојде да ја заврши својата започната работа. Тоа е едниот дел на работата што, мислам дека е чисто од практичен аспект. Не се работи тука ниту за хуман, ниту за социјален потег, туку се работи за чисто практичен потег.

Второ, овде убаво пишува во предложениот член "по исклучок, редовен професор". Овде се дава шанса или можност само редовните професори, кои практично можат да бидат ментори за дисертации и за магистарски тези, само тие да бидат, бидејќи тоа се луѓе кои, навистина, оваа заедница на еден или на друг начин реално вложувала во нив 20 - 30 и повеќе години, до крајот на својот век да помогнат на кандидатот за магистратура или за докторат да ја оформи таа докторска дисертација односно магистратура.

Потенцирам уште еднаш, овде се работи за времен карактер, најмногу една година, ништо повеќе. Повторувам, се работи за високо - стручни професори и потенцирам уште еднаш овие професори на кои евентуално може да им се овозможи да го продолжат својот работен век најмногу до

една година, не им го земаат местото ниту функцијата на младите професори кои треба веќе да настапат на факултетот, односно тие веќе си го земаат нивното место, а овие си ја довршуваат, потенцирам уште еднаш, започнатата работа, ништо повеќе.

Уште еднаш да рекапитулирам, вршам измена, повлекувам "до дипломски студии", ако треба амандмански тоа ќе го направиме и во последната реченица после зборовите "после таквата ангажираност за" додавам уште еден збор "најмногу една школска година". Тоа е целото објаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагачот мора веднаш да го оформи својот амандман, ако сака да биде во постапка.

Има збор г-динот Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, морам да се извинам што повторно се јавувам за збор. Меѓутоа, бев поттикнат од излагањето на предлагачот г-динот Милан Ставрев. Јас незнам, но г-динот Милан Ставрев изнесе една невистина која навистина не е така, незнам дали г-динот Ставрев потекнува од Универзитетот и дали му се познати тие работи на Универзитетот, меѓутоа тоа што го кажа за комисиите за рецензија и комисиите за ментори итн, никаде нема ограничување дали професорот е во пензија или во редовен работен однос. Таа титула, тоа звање што го има професорот си останува доживотно, нема ограничување. Тој може да биде ментор, а да биде во пензија, тој е професор. Јас незнам кои невистини ги изнесува сега г-динот Ставрев, веројатно нему само му е јасно, меѓутоа, тврдам затоа што потекнувам од Универзитетот и знам дека не е поинаку освен вака како што изнесувам јас. Во Комисијата за рецензија, во Комисијата за ментори, за одбрана итн, никаде не стои дали е во пензија или не е во пензија. Само треба да ја има титулата да биде професор, да биде доктор на науки итн, не стои, дали е во пензија, може да е и пензионер, може се додека е жив и здрав и може да раководи, никој не му дава никаква забрана. Дури и ние со постојниот закон, и да сакаме тоа право на универзитетските професори неможеме да им го забраниме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван г-дине претседател, дами и г-да пратеници, почитувани претставници на Владата на РМ, јас сум еден од предлагачите на овој закон и при тоа не се чувствувам добро не одкако отпочна оваа дебата тука, која за мојата претстава ни најмалку не ги отсликува темите или малата тема, која е засегната со измената и дополната, туку не се чувствувам добро затоа што после 10 години во РМ, собравме сили да донесеме Закон за високото образование и при тоа избегнавме капитални теми содржани со тоа истото образование. Ние надминавме едно крупно прашање, а тоа беше секако аспектот на држење настава или едукација и на друг јазик освен македонскиот, што беше за поздравување, ова мнозинство тоа го поддржа и го изгласа. Но велам капитални прашања од таа сфера не ги осветливме. Ние не осветливме какви се состојбите со факултетите, какви биле со децении наназад, дали таму има мали делби или можеби големи феудалци, какво е однесувањето на наставниот кадар кон студентите, посебно тие кои се од понежниот пол. Ние знаеме за многу девијации и упорно молчиме.

Овде што се обидувам јас со останатите предлагачи на закон за изменување и дополнување на тој рамковен закон, е само една неправда да биде намалена, не да биде отстранета. Секоја чест на поединците наши сограѓани кои својата кариера сакаат да ја градат во академските кругови. Нам како општество посебно ни годи, затоа што меѓу другото со глобализацијата ние стоиме во компетиција, во натпревар што другите општества и држави. Ни годи тие кругови од академиите од универзитетите да имаат претставници кои со својата доблест, со своите постигање во соодветните дисциплини ќе бидат и цитирани во светот, ќе бидат во светот посакувани консултанти и ќе бидат во светот соработници на разни проекти. Може да се случи такви соработници во други проекти финансирани конкретно од странство или од компании во странство, во тие проекти затоа што се навршила биолошката возраст и е исполнет условот, неминовниот, за заминување во пензија, тие наши ценети сограѓани, за жал ценети на друго место, токму преку законодавниот дом да не бидат уважени. Тоа е причината зошто јас сакам оваа маленкост во суштина и ние да ја вградиме во законот. Ништо големо не се случува тука. Не станува збор за продолжување, според мојата оценка, лево ориентираната интелектуална сфера кај нас и нејзино продлабочување. Мене ми е многу жал, ценети колеги, посебно мојата пратеничка група што меѓусебно продолжуваме на тие теми но отворено во

јавноста никако. Не станува збор за тоа дали на извесна катедра освен еден професор, има натаму само асистенти и тоа со децении, или една или една ипол деценија, и тоа што се потиснати младите аспиранти асистенти за професорска титула, за тоа не станува тука збор. Зборувам за една сосема мала порта на тие лица кои себе се издигнале над просечното ниво во нашето општество и второ, кои сепак милозливо ќе бидат разбрани од тој ист факултет каде што би продолжиле, а мене исто ќе ми биде мило да биде изгласан овој закон, но тие професори кои ја заслужуваат честа да продолжат со настава да се откажат од тоа, бидејќи премногу крутост, премногу горчина се изнесува и во законодавниот дом. Ние сме должни да бидеме на висината на задачите. Јазот, културолошки барем, кој постои на универзитетите кај нас, порано тоа беше СФРЈ, потоа РМ, и централна Европа е фамозен. Кој бил видел, можеби нешто знае, но мнозина не сакаат да зборуваат за тоа. До ден денешен на нашите факултети студентите, претпоставувам и тие на после дипломски студии, должни се секој предмет, секој испит и секоја настава да ја заверуваат лично, обраќајќи се во писмена форма преку службите на факултетот. Тоа е длабок среден век. Таа практика мора да биде надмината. Во овој предлог на закон не се ни обидов за капитални теми од високото образование да проговорам. Ова е толку минорно, ова е толку малку, а се покажува отпор.

Јас би замолил, бидејќи сепак станува збор за припадници на една иста пратеничка група и овој проект веќе е во процедура цел месец, но за жал до дебатата никој усмено ниту писмено не ми укажал за дискрапанцата, би замолил координаторот да побара консултација внатре во пратеничката група, да се договориме како ќе гласаме во врска со овој предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Бошков е еден од предлагачите и бидејќи ако го заклучам претресот веднаш доаѓа и проблемот што тој го истакна, за потреба од негова консултација, јас предлагам да го слушнеме уште и последниот пријавен дискутант г-динот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги, јас се јавувам само по прозивката на колегата Јордан Бошков и се јавувам исто така во функција на континуитет на одржување на оваа седница односно да не се прекинува. Само сакам да соопштам дека во разговор со моите колеги надвор од седницава дојдов до сознание и впечаток дека сите тие сакаат да гласаат според свое сопствено уверување, така што не гледам потреба од пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Јордан Бошков повторно се јавува за збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Во ред е, немора ние да се консултираме посебно. Јас мислам дека ние не мораме и онака тешкиот наш од во работата да го нарушиме заради ова гласање. Ние можеме ова гласање да го одложиме за подоцна и да продолжиме со наредната точка од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор во претресот во Предлогот за донесување на закон? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 66 пратеници, 63 гласале, од кои 14 за, 12 воздржани и 37 против.

Констатирам дека не е усвоен предлогот за донесување на овој закон и понатаму неможе да оди процедурата.

Преминуваме на Осмата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на здравството и медицинските науки со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Молам да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата од страна на службите, одкако ќе се соберат некои картички.

(По пребројувањето од страна на службите на присутните пратеници во салата).

Точен е бројот.

63 пратеници гласале вкупно, 61 пратеник гласал за, 1 се воздржал и 1 гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 65 присутни пратеници, вкупно гласале 60 пратеници, од кои 56 за, 1 против и 3 воздржани.

Во салата имаме 64 присутни пратеници, очигледно некои не гласале, а една картичка повеќе.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, двајца се воздржале и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Бугарија за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

За деветтата точка од дневниот ред немаме претставник на Владата.

Преминуваме на Десеттата точка до дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за ратификација на спогодбата за културна, научна и образовна соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Исламската Република Иран, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Имаме претставник на Владата, министерката е тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за културна, научна и образовна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласале од кои 60 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

62 пратеника гласале, од кои 60 за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам  општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам,кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

65 пратеници гласале, од кои 59 за, 3 воздржани и 3 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за културна, научна и образовна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министерот на Украина за воено техничка соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министерот на Украина за воено техничка соработка.

Молам, да гласаме.

60 пратеници гласале. Значи ќе соопштам резултат, но ќе го констатирам како валиден резултат само кога ќе утврдиме дали има доволно пратеници во салата. Некој не гласал.

60 гласале, 57 за, 1 се воздржал, 2 против.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата има 64 пратеници.

Значи, констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 59 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, од кои 61 за, 2 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министерот на Украина за воено - техничка соработка.

12-та точка е Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенција за безбедност, со Предлог на закон.

Немаме претставник на Владата.

Одиме понатаму.

13-та точка е Предлог за донесување на Закон за регистрирање на готовински плаќања.

И за оваа точка немаме претставник на Владата одиме понатаму.

Минуваме на точката 14 – Предлог - одлука на Одлука за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно 64 пратеника гласале, од кои 60 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапките, основицата и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување.

По повод донесувањето на оваа Одлука Комисијата за здравство му предлага на Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија оценува дека е потребно Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Информација за одразот на стапките, основицата и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување во услови на намалување на персонален данок.

2. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за здравство, Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување.

Предложениот заклучок го става на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника од кои 55 за, 2 воздржани и 3 гласале против.

Ве молам да утврдиме дали имаме точен број пратеници.

(Службата ги пребројува присутните пратеници во салата).

64 пратеника се присутни.

Значи, важи резултатот.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 13 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Аптека "30 Ноември - Дебар.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеника, од 66 присутни во салата, од кои 58 за, 1 се воздржал и 1 гласал против.

Ве молам Службите пак да утврдат точен број на присутни пратеници, со цел да потврдиме дека работиме регуларно.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

64 пратеника се присутни, ама да се забележи.

Значи, важи резултатот 58 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Аптека "30 Ноември" - Дебар.

Бидејќи немаме претставници по останатите точки на дневниот ред од оваа седница ја прекинувам седницата.

По другите точки ќе продолжиме понатаму.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).